Avni Islami, MA[1]

UDC:
338.48:340.13(497.115)

# ANALIZA E NIVELIT TË ZBATIMIT TË LIGJEVE NGA FUSHA E TURIZMIT DHE HOTELERISË NË KOSOVË

# АНАЛИЗА НА НИВОТО НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО ВО КОСОВО

# ANALYSIS OF THE LEVEL OF IMPLEMENTATION OF LAWS IN THE FIELD OF TOURISM AND HOSPITALITY IN KOSOVO

**Abstract**

The development of tourism directly influences the need for legal regulation of the specific relations deriving from the tourism and hospitality. For a dynamic development and a qualitative tourism and hospitality, it is necessary to provide a modern legislation in order to guarantee the process of development.

Tourism and hospitality law is a system of relationships that classifies and systemizes the legal provisions relating to tourism and hospitality. The elements of that system make what science and legal theory are constantly seeking from institutions and legislative practices, which would contribute to determining the autonomy of tourism law.

In explaining certain socio-economic content of tourism, it is proper to continue with the explanation of the legal norms and the reasonableness of their structure and specificity. Therefore, today's tourism law is considered a special legal discipline.

[1] PhD Candidate, MSc Avni Islami, Kolegj BIZNESI, Prishtina, e-mail: avni.islami50@gmail.com

The legal norms that determine the specificity of the tourism phenomenon, the position of the legal-tourism entities, the organization of these entities and the legal norms that regulate, not only the relations where the subjects of the law operate among themselves, but also the wider, i.e. all those relationships with which tourism develops.

One of the most significant issues in this field is, of course, the legal regulation of this matter through the laws and bylaws adopted by the country or which should be adopted by the parliament, because the formal prescription of these activities is very significant.

Law regulating tourism activity, together with other laws that have links with tourism and hospitality and indirectly affect their development, represent a legal basis for the development, management and operation of tourism.

As part of the comprehensive process of tourism development and planning, the procedure for reviewing and evaluating relevant laws and regulations is considered very important, or, if they do not exist, then their drafting is to be approached.

**Key words:** tourism and hospitalty, law, regulation, implementation.

**ВОВЕД**

Развојот на туризмот, од една страна, и негово регулирање, од страна од многу други правни гранки, директно влијае врз потребата од законско регулирање на овие специфични односи. За динамичен развој и квалитетен туризам потребно е обезбедување современа законска регулатива што ќе го гарантира процесот на овој развој.

Туристичкото право претставува систем на односи кое ги класифицира и систематизира законските одредби кои се однесуваат на туризмот. Елементите на тој систем го прават она што науката и правната теорија постојано го бараат од институциите и законодавните практики, што би придонело кон утврдување на автономијата на туристичкото право.

При објаснувањето на одредени социо-економски содржини на туризмот, правилно е да се продолжи со објаснувањето на правните норми и за разумноста на нивната структура и специфичност.

Поради тоа, туристичкото право денес се смета за посебна правна дисциплина.

Во неговите рамки се проучуваат законските норми кои ја утврдиле специфичноста на туристичкиот феномен, позицијата на правно-туристичките субјекти, организацијата на овие субјекти и законските норми кои ги регулираат не само односите каде субјектите на законот дејствуваат меѓу себе, туку пошироко, односно вклучувајќи ги и сите оние односи со кои се развива туризмот.

Едно од позначајните прашања од оваа област секако дека претставува правната регулација на оваа материја преку законски и подзаконски акти кои ги донесла земјата или кои во иднина треба да ги донесе, затоа што формалното пропишување на овие дејности е многу значајно.

Законите за регулирање на туристичката дејност, заедно со останатите закони кои имаат допирни точки со туризмот и угостителството и индиректно влијаат на нивниот развој, претставуваат легална основа за развој, управување и функционирање на туризмот.

## ЦЕЛ И ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Целта на овој истражувачки труд е да се анализира спроведувањето на законите од областа на туризмот и угостителството во Косово, за да можеме на крајот да се откријат предностите и недостатоците од спроведувањето, односно неспроведувањето на тие закони.

Предмет на истражување на овој труд е да се направи теренско истражување, со помош на анкета, на најзначајните субјекти од областа на туризмот и угостителството во Косово, дали ги применуваат законите, во која мера и со какви проблеми се соочуваат тие субјекти. На крај, преку критичка анализа на спроведувањето на легислативата за туризмот и угостителството во Косово ќе се обидеме на крај да дадеме одредени заклучоци.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

При обработката на истражуваниот проблем ќе се направи комбинација на одредени методи на истражување. Примената на

овие методи за истражување произлегува од актуелноста на самиот предмет на истражување:

- Статистичка метода: Примената на овој метода ќе биде изразена преку квантитативните аспекти на одредени параметри кои се употребуваат при анализирањето на спроведувањето на одредени закони во одредени области.
- Метода на анкетирање: Најчесто употребувана методолошка техника за прибирање на податоци овозможува истражување во врска со целите на научниот интерес. Овие анонимни анкетни листови се од затворен тип, чие истражување ни дава можност за увид за ставовите и мислењата на учесниците во областа на туризмот и угостителството, во врска со имплементирањето на законите.
- Метода на синтеза. Преку разработката и разгледувањето на одредени сегменти или аспекти на спроведувањето на законите во туризмот и во угостителството, ќе се дојде до главни заклучоци кои се однесуваат на главниот предмет на истражување. Целта на овој метод е преку одредени помали заклучоци и анализи да се дојде до целосно согледување на примената на законите од туризмот во Косово.

При разработката на ова тема се користат примарни и секундарни податоци и врз основа на тие податоци ќе се обидеме да конструираме и соодветни заклучоци и препораки. Истражувањето на трудот се темели на кабинетскиот пристап (desk research) и теренски истражувања (field research) со помош на анкетирањето на најзначајните субјекти од областа на туризмот и угостителството во Косово.

## ТУРИСТИЧКАТА И УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ ВО КОСОВО

Едно од позначајните прашања во туризмот и угостителството на Косово секако дека претставува правната регулација на оваа материја преку законски и подзаконски акти кои ги донела земјата или кои во иднина треба да ги донесе, затоа што формалното пропишување на овие дејности е многу значајно.

Законите за регулирање на туристичката дејност, заедно со останатите закони кои имаат допирни точки со туризмот и угостителството и индиректно влијаат на нивниот развој, претставуваат легална основа за развој, управување и функционирање на туризмот.

Како дел од сеопфатниот процес на планирање на туристичкиот развој се смета и постапката на прегледување и оценување релевантни закони и регулативи, или пак, доколку тие не постојат, тогаш се пристапува кон нивно изготвување.

Туристичката и угостителската дејност во Косово е регулирана според овие закони и подзаконски акти:

1. Закон за угостителска и туристичка дејност (Закон бр.2004/16 за "Угостителската и туристичката дејност"[2]),
2. Закон за туризам и туристички услуги (Закон бр.03-Л/168 за "туризам и туристички услуги" од 2010 година[3], се укинува претходниот закон),
3. Закон за туризам (Закон бр.04/Л-176 за "туризам"[4], се укинува претходниот закон),
4. Закон за такса за сместување во хотелски и туристички објекти (Закон бр.03/Л-027 за "сместување во хотелски и туристички објекти"[5]

Законите за регулирање на туристичката дејност, заедно со останатите закони кои имаат допирни точки со туризмот и угостителството и индиректно влијаат на нивниот развој, претставуваат легална основа за развој, управување и функционирање на туризмот.

Како дел од сеопфатниот процес на планирање на туристичкиот развој се смета и постапката на прегледување и оценување релевантни закони и регулативи, или пак, доколку тие не постојат, тогаш се пристапува кон нивно изготвување.

[2] Службен весник на привремените самоуправни институции на Косово, УНМИК/РЕГ/2005/6, февруари 2005 година,
[3] Службен весник на Република Косово, Приштина, Година V, бр.66 од 17 Март 2010 година,
[4] Службен весник на Република Косово, бр.14/2013, Приштина, 2013 година,
[5] Службен весник на Република Косово, Приштина, Година IV, бр.47 од 25 Јануари 2009 година,

## ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

За реализација на ова истражување и поради добивање на точни резултати се користи онлајн прашалник, составен од 23 прашања (структурирани прашања кои се затворени и за тие прашања треба да се одговори со одбирање на однапред дадени одговори), неколку прашања се од типот на листи (се одбира било кој одговор), други прашања се категоризирани (се селектира само еден даден одговор, да или не), како и прашања со рангирање.

Овие прашања се однесуваа на Министерството за трговија и индустрија (Сектор за туризам), 38 општини во Косово, 96 хотели, 132 ресторани и 112 туристички агенции, како и 4 туристички асоцијации од областа на туризмот.

Примерокот на ова истражување е во согласност со предметот што се истражува, а во зависност од располагањето со податоци. Имено, популацијата која е предмет во ова истражување се 383 туристички субјекти кои се дел од централната и локалната власт и правни лица од областа на туризмот и угостителството.

Истражувањето се спроведе со помош на доставување на онлајн прашалник до директорите (менаџерите, раководителите) на гореспоменатите субјекти. Ова истражување траеше од 15.02 до 28.02.2018 година.

Статистичката обработка на податоците ни овозможи рангирање, табеларно прикажување и графичко обликување на податоците преку директно средување на податоците со помош на компјутерската програма Microsoft Excel.

## РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Врз основа на прашалникот кој беше доставен до министерството, општините, хотелите, ресторанте, туристичките агенции и туристичките асоцијации во Косово, во продолжение на овој текст ќе се прикажат резултатите од спроведеното истражување.

Табела бр.1, Вашата главна дејност е ресторанско работење?

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 1. | Вашата главна дејност е: | - Министерство/сектор за туризам | **1** |
| | | - Општина/сектор за туризам | **26** |
| | | - Хотел | **68** |
| | | - Ресторан | **74** |
| | | - Туристичка агенција | **59** |
| | | - Туристичка асоцијација/организација | **3** |
| | | - Друго | **0** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

Во ова истражување, од вкупно доставени 383 прашалници (1 Министерството за трговија и индустрија - Сектор за туризам, 38 општини во Косово, 96 хотели, 132 ресторани и 112 туристички агенции, како и 4 туристички асоцијации од областа на туризмот), одговорени се вкупно 208 прашалници (табела бр.1). Според ова, во истражувањето учествуваа 60.3%.

Табела бр.2, Какво раководни лице сте во субјектот во кој работите?

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 2. | Какво раководни лице сте во субјектот во кој работите? | - Директор | **16** |
| | | - Раководител | **3** |
| | | - Менаџер | **178** |
| | | - Вработено лице | **34** |
| | | - Друго | **0** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

Од податоците може да се забележи дека најголем број од испитаниците се менаџери, потоа се вработените, а најмал број се директорите и раководителите. Ова можеби поради фактот дека во одредени субјекти, точниот назив на раководното лице е директор или раководител на сектор, а сите фирми или компании денес своите раководни лица ги нарекуваат менаџери.

Табела бр.3, Колкаво работно искуство имате во областа на туризмот и угостителството?

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 3. | Колкаво работно искуство имате во областа на туризмот и угостителството? | - До 1 година | **89** |
| | | - Од 1 до 5 години | **51** |
| | | - Од 5 до 10 години | **21** |
| | | - Од 10 до 20 години | **29** |
| | | - Од 20 до 30 години | **10** |
| | | - Од 30до 40 години | **30** |
| | | - Над 40 години | **1** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

Најголемиот број од испитаниците одговорил дека имаат работно искуство до 1 година (вкупно 89 испитаници), на второ место по бројот на одговори се ние кои имаат работно искуство од 1 до 5 години (вкупно 51 испитаник), а на трето место се поискусните (од 30 до 40 години), а 1 испитаник има повеќе од 40 години искуство.

Сметаме дека има доволно вработени лица или менаџери кои работат во сферата на туризмот и угостителството, а нивното работно искуство е многу важно во натамошниот тек на одвивањето на ова истражување.

Табела бр.4, Колку лица се вработени во вашиот субјект?

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 4. | Колку лица се вработени во вашиот субјект? | - 1-2 вработени<br>- 3-5 вработени<br>- 6-10 вработени<br>- 11-20 вработени<br>- 20-50 вработени<br>- Над 50 вработени | **1**<br>**87**<br>**110**<br>**30**<br>**2**<br>**1** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

Забележуваме дека 110 испитаници одговориле дека во субјектите од каде тие доаѓаат има од 6 до 10 вработени, потоа се оние со 3 до 5 вработени (вкупно 87 субјекти), по 1 субјект одговориле дека имаат само еден вработен, исто како што е случајот со оној субјект кој има над 50 вработени.

Табела бр.5, Дали знаете дека има закони кои го регулираат туризмот и угостителството?

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 5. | Дали знаете дека има закони кои го регулираат туризмот и угостителството? | - Да<br>- Не | **231**<br>**0** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

На прашањето дали знаат дека постојат закони од областа на туризмот и угостителството, сите 231 испитаник одговориле “да“, претпоставуваме дека токму тие закони се предуслов за основање на правен субјект од овие дејности.

Впрочем, надлежното министерство ги добило своите надлежности и овластувања токму по одредени закони, општинската администрација има свои надлежности по основа на закон, а

физичките и правните лица од дејностите туризам и угостителство мора да работат по тие закони.

Табела бр.6, Доколку знаете, колку закони ја регулираат туристичката и угостителската дејност?

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 6. | Доколку знаете, колку закони ја регулираат туристичката и угостителската дејност? | - Еден закон<br>- Два до три закони<br>- Четири до пет закони<br>- Шест до десет закони<br>- Над десет закони | **1**<br>**29**<br>**158**<br>**32**<br>**11** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

Само еден субјект одговорил дека туризмот и угостителството се регулирани само со 1 закон, од вкупниот број на испитаници, 29 одговориле дека постојат 2-3 закони, а најголемиот број (158 испитаници) сметаат дека има 4-5 закони, 32 субјекти сметаат дека има до десет закони, а само 11 субјекти мислат дека постојат над десет закони.

Туристичката и угостителската дејност во Косово, во овој момент, е регулирана со 2 закони: закон за туризам и закон за такса за сместување во објекти за сместување. Имено, и законот за туризам е неколку пати донесен и ставен вон сила, и имал различни називи.

Табела бр.7, Дали сте запознаени со постапката за донесување (изменување и дополнување) на законите?

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 7. | Дали сте запознаени со постапката за донесување (изменување и дополнување) на законите? | - Да<br>- Не | **211**<br>**20** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

Над 91% од испитаниците ја знаат постапката за донесување (изменување или дополнување) на законите, а само 20 субјекти сметаат дека не ја знаат таа постапка, или пак не им е докрај објаснета и разбрана.

Табела бр.8, Дали вие како субјект сте учествувале во изготвувањето (менувањето, дополнувањето) на некој од законите од областа на туризмот и угостителството?

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 8. | Дали вие како субјект сте учествувале во изготвувањето (менувањето, дополнувањето) на некој од законите од областа на туризмот и угостителството? | - Да<br>- Не | **55**<br>**176** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

Најголемиот број од испитаниците одговориле дека не учествувале во изготвување на законите од туризмот и угостителството (речиси 76.2%), а останатиот дел на некаков начин учествувал во тој процес. Сметаме дека овој процент мора да се зголеми уште повеќе, бидејќи токму тие субјекти се носители на развојот на туризмот во државата во која работат.

Табела бр.9, Доколку сте учествувале, кои лица биле ангажирани во постапката за изготвување (изменување или дополнување) пред да бидат ставени на дневен ред во Собранието?

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| | Доколку сте учествувале, кои лица биле ангажирани во постапката за изготвување (изменување или | - Директорот (раководителот, менаџерот) на државна институција<br>- Директорот (раководителот, менаџерот) на локална институција | **1**<br>**24**<br>**28**<br>**42**<br>**28** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | дополнување) пред да бидат ставени на дневен ред во Собранието? | - Директорот (раководителот, менаџерот) на хотелот<br>- Директорот (раководителот, менаџерот) на ресторанот<br>- Директорот (раководителот, менаџерот) на туристичката агенција<br>- Директорот (раководителот, менаџерот) на туристичката асоцијација<br>- Лица ангажирани во професионални агенции или организации<br>- Академски и стручни лица од областа на туризмот и угостителството<br>- Надворешни експерти од областа на туризмот и угостителството<br>- Лица од меѓународни организации од областа на туризмот и угостителството<br>- Други лица неспомнати на друго место | **3**<br>**44**<br>**30**<br>**15**<br>**2**<br>**14** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

Поактивно учество во изготвувањето на законите имале лицата ангажирани од професионални агенции и/или организации (вкупно 44 одговори), потоа менаџерите на рестораните (42 одговори), како и академските и стручните лица од областа на туризмот и угостителството. Тоа што се забележува е дека само 2 субјекти одговориле дека во таа постапка учествувале лица од меѓународни организации од областа на туризмот. Сметаме дека треба да се зема во предвид и меѓународното искуство.

Табела бр.10, Дали вие како субјект сте соработувале со други субјекти кои учествувале во изготвувањето на законите од туризмот?

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 10. | Дали вие како субјект сте соработувале со други субјекти кои учествувале во изготвувањето на законите од туризмот? | - Да | **35** |
| | | - Не | **196** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

Од податоците може да се забележи дека само 35 испитаници или над 15.1% соработувале со други субјекти во постапките за изготвување на законите од областа на туризмот, па според тоа сметаме дека мора да се преземат мерки за подобрување на ова состојба.

Табела бр.11, Доколку сте соработувале, ве молиме оценете ја соработката од 1 до 10, каде оценката 1 значи никаква соработка и оценката 10 значи најголема соработка меѓу субјектите:

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 11. | Доколку сте соработувале, ве молиме оценете ја соработката од 1 до 10, каде оценката 1 значи никаква соработка и оценката 10 значи најголема соработка меѓу субјектите: | - 1<br>- 2<br>- 3<br>- 4<br>- 5<br>- 6<br>- 7<br>- 8<br>- 9<br>- 10 | **14**<br>**2**<br>**15**<br>**10**<br>**65**<br>**84**<br>**35** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **6** |
| | | | **2** |
| | | | **2** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

Од податоците може да се види дека испитаниците најмногу се одлучиле за оценка “6“, а најмалку за највисоките оценки. Сметаме дека соработката помеѓу субјектите не е на задоволително ниво и поради ова мора да се преземаат одредени мерки.

Табела бр.12, Дали сметате дека законите кои ја регулираат туристичката и угостителската дејност можат да помогнат во развојот на овие две дејности?

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 12. | Дали сметате дека законите кои ја регулираат туристичката и угостителската дејност можат да помогнат во развојот на овие две дејности? | - Можат да помогнат<br>- Не можат да помогнат<br>- Треба да се изменат<br>- Треба да се дополнуваат<br>- Треба нови закони | **28**<br>**56**<br>**14**<br>**31**<br>**102** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

На ова прашање, испитаниците најмногу одговориле дека законите од областа на туризмот и угостителството не можат да помогнат во развојот на овие дејности (вкупно 56 одговори), меѓутоа речиси половината од вкупниот број на испитаниците сметаат дека треба да постојат нови закони кои би помогнале во развојот на туристичката и угостителската дејност.

Табела бр.13, Доколку треба да се коригираат, во кој дел од туристичката и угостителската дејност тоа треба да се направи?

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 13. | Доколку треба да се коригираат, во кој дел од туристичката и угостителската дејност тоа треба да се направи? | - Во делот на обврските на физичките и правните лица | **29** |
| | | - Во делот на правата на физичките и правните лица | **32** |
| | | - Во делот обврските на државните институции надлежни за туризмот | **28** |
| | | - Во делот на даночните оптоварувања/олеснувања | **68** |
| | | - Во делот на казнените одредби | **74** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

На ова прашање, најголем број од испитаниците одговориле дека доколку треба да се коригираат законите од туризмот, тоа треба да се направи во делот на казнените одредби (вкупно 74 одговори) и во делот на даночните оптоварувања и олеснувања (вкупно 68 одговори).

Табела бр.14, Во последните две години, колку состаноци сте одржале за да расправате за законите од областа на туризмот и угостителството?

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 14. | Во последните две години, колку состаноци сте одржале за да расправате за законите од областа на туризмот и угостителството? | - Ниту еден | **21** |
| | | - Еден | **54** |
| | | - Два до три пати | **41** |
| | | - Еднаш во месецот | **29** |
| | | - Еднаш во годината | **29** |
| | | - Повеќе пати во текот на една година | **57** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

Повеќе состаноци во текот на една година одржале 57 субјекти, впрочем тоа се најмногу одговори по ова прашање, а потоа 54 субјекти одговориле дека имале само еден состанок во годината по прашања од законите за туризмот. Од вкупниот број на испитаници, 41 субјект одговориле дека имале два до три состаноци за расправање по законите, а 21 субјект одговориле дека никогаш не одржале состаноци по прашања од областа на законите од туризмот.

Табела бр.15, Дали за време на состанувањата се консултирате со експерти и правници?

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 15. | Дали за време на состанувањата се консултирате со експерти и правници? | - Да | **38** |
| | | - Не | **159** |
| | | - Понекогаш | **34** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

По ова прашање, најмногу одговориле дека субјектите не се консултираат со експерти и правници, а речиси подеднакво одговориле потврдно и понекогаш се консултираат со такви лица.

Табела бр.16, Дали вие како субјект во сферата на туризмот и угостителството сте подложни на инспекции од државните органи?

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 16. | Дали вие како субјект во сферата на туризмот и угостителството сте подложни на инспекции од државните органи? | - Да | **231** |
| | | - Не | **0** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

Сите испитаници во ова истражување одговориле дека се подложни на инспекциски надзори од страна на државните органи.

Табела бр.17, Доколку сте одговориле потврдно, ве молиме наведете колку често се случува тоа?

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 17. | Доколку сте одговориле потврдно, ве молиме наведете колку често се случува тоа? | - Многу ретко<br>- Ретко<br>- Неколку пати во годината<br>- Често<br>- Многу често | **2**<br>**14**<br>**17**<br>**89**<br>**109** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

Според податоците може да се забележи дека 109 испитаници одговориле дека инспекциските служби многу често вршат инспекциски надзори, односно 89 субјекти одговориле дека тоа е честа појава, па ако се направи збир на овие одговориле, ќе се забележи дека 85.7% од сите испитаници сметаат дека инспекциските надзори се чести во нивното секојдневно работење.

Табела бр.18, Дали инспекцискиот надзор се однесува на одредбите на законите од туризмот и угостителството, или тој надзор се врши поради други причини (почитување на други закони)?

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 18. | Дали инспекцискиот надзор се однесува на одредбите на законите од туризмот и угостителството, или тој надзор се врши поради други причини (почитување на други закони)? | - Поради почитувањето на законите од туризмот и угостителството<br>- Поради почитување на законите од другите области на работењето | **56**<br>**175** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

Според податоците во табелата се забележува дека инспекциските надзори кај субјектите кои се предмет на ова истражување најчесто се вршат поради почитување, односно непочитување на

другите закони кои не се поврзани со оние од областа на туризмот, а за ова одговориле 175 испитаници или 75.7% од вкупниот број.

Табела бр.19, Дали сметате дека треба да се воведат постриктни или поблаги казни за непочитување на законите од туризмот и угостителството?

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 19. | Дали сметате дека треба да се воведат постриктни или поблаги казни за непочитување на законите од туризмот и угостителството? | - Постриктни казни<br>- Поблаги казни | **31**<br>**200** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

Речиси 86.6% (вкупно 200 испитаници) сметаа дека треба да се воведат поблаги казни за непочитување на законите од областа на туризмот и угостителството.

Табела бр.20, Дали сметате дека инспекциските надзори во делот на туризмот и угостителството се транспарентни, несубјективни и правични?

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 20. | Дали сметате дека инспекциските надзори во делот на туризмот и угостителството се транспарентни, несубјективни и правични? | - Да, се транспарентни, несубјективни и правични<br>- Не, не се транспарентни, несубјективни и правични | **11**<br>**220** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

Над 95.2% од испитаниците сметаат дека инспекциските надзори не се транспарентни, тие се субјективни и не се правични, а помалку од 5% го мислата спротивното, односно дека тоа се транспарентни, несубјективни и правични инспекциски надзори.

Табела бр.21, Дали сметате дека се почитуваат законите од областа на туризмот и угостителството, воопшто, на ниво на државата?

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 21. | Дали сметате дека се почитуваат законите од областа на туризмот и угостителството, воопшто, на ниво на државата? | - Да | **51** |
| | | - Не | **139** |
| | | - До одреден степен | **41** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

Најголемиот број од испитаниците сметаат дека не се почитуваат законите од областа на туризмот и угостителството, а за ова одговориле 139 субјекти или 60.2% од вкупниот број, додека само 51 субјект смета дека тие закони се почитуваат, па претпоставуваме дека токму тие субјекти ги почитуваат законите.

Од вкупниот број на испитаниците, 41 субјект до одреден степен ги почитува законите, под претпоставка дека не ги исполнуваат докрај законските услови за вршење на туристичката или угостителската дејност.

Табела бр.22, Доколку сметате дека се почитуваат законите, ве молиме оценете од 1 до 10, каде 1 значи целосно непочитување и 10 значи целосно почитување:

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 22. | Доколку сметате дека се почитуваат законите, ве молиме оценете од 1 до 10, каде 1 значи целосно непочитување и 10 значи целосно почитување: | - 1 | **9** |
| | | - 2 | **7** |
| | | - 3 | **12** |
| | | - 4 | **9** |
| | | - 5 | **11** |
| | | - 6 | **168** |
| | | - 7 | **4** |
| | | - 8 | **4** |
| | | - 9 | **7** |
| | | - 10 | **0** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

Од одговорите во табелата се забележува дека почитувањето на законите во туризмот се оценува со оценка “6“, па сметаме дека тоа е преодна оценка и со тоа се потврдува на одреден начин дека законите речиси се почитуваат.

Ниту еден од субјектите во ова истражување не одговориле дека целосно се почитуваат законите, ниту дека почитувањето на законите е на многу високо ниво (оценка 8 и 9) или над преодната оценка 7.

Табела бр.23, Дали вие ги почитувате законите од туризмот и угостителството?

| Реден број | Прашање | Одговор | Апсолутен показател |
|---|---|---|---|
| 23. | Дали вие ги почитувате законите од туризмот и угостителството? | - Да | **157** |
| | | - Не | **0** |
| | | - Немам одговор | **74** |
| | | Вкупно одговори: | **231** |

Речиси 68% од испитаниците (вкупно 157 субјекти) одговориле дека ги почитуваат соодветните закони, ниту еден не одговориле дека не ги почитуваат законите, а 74 испитаници немале одговор на ова прашање (претпоставуваме дека на одреден начин не ги почитуваат дословно законите од областа на туризмот).

## CONCLUSION

All countries, regardless of the level of their economic development, tend to develop tourism, due to numerous positive impacts. In general, tourism contributes to the economic growth and development, promoting international understanding and peace, improving living standards, stimulating local trade and industry, protecting cultural heritage and alike.

Thus, one of the most important factors that defines and channelises tourism development is tourism legislation. It is a conscious activity of the country, that is, the society in the field of tourism, by taking various legal measures and activities for achieving the planned goals and tasks. The implementation of a balanced legislation that is in

the line with the wider economic policy for development of a country can often be lacking due to ambiguously defined development priorities, goals and strategies.

Laws that are regulating tourism activity, together with other laws in other fields, indirectly affect their development, representing thus a legal basis for the development, management and operation of tourism. Based on the conducted research and the results obtained, we come to the following conclusions:

- The majority of the respondents are managers, followed by the employees, and the least number are the directors and the managers.
- The largest number of respondents answered that they have working experience of up to 1 year (a total of 89 respondents); in second place are those who have working experience from 1 to 5 years (a total of 51 respondents), and in third place are those with 30 to 40 years of working experience, and only 1 respondent has more than 40 years of work experience.
- 110 respondents answered that there are 6 to 10 employees in the entities (companies) where they work, than 3 to 5 employees (a total of 87 subjects), 1 respondent answered that they have only one employee, just as is the case with that entity has over 50 employees.
- When the respodents were asked whether they know that there are laws in the field of tourism and hospitality, all 231 respondents answered "yes".
- Only one respodent replied that tourism and hospitality were regulated by only 1 law, 29 subjects answered that there are 2-3 laws, and the majority (158 respondents) think that there are 4-5 laws.
- Over 91% of the respondents know the procedure for enacting (amending or supplementing) the laws.
- Most of the respondents answered that they did not take part in drafting laws on tourism and hospitality, and the rest part in some way participated in this process.
- More active participation in drafting laws were the persons engaged by professional agencies and/or organizations (44 responses in total), followed by restaurants managers (42 responses), as well as academic and professionals.
- Only 35 respondents (or more than 15.1%) cooperated with other entities in the procedures for drafting laws from the field of tourism.

- Respondents mostly decided to grade the cooperation with "6", and at least for the highest grades, regarding the cooperation between the subjects.
- The respondents answered the most that the laws in the area of tourism and hospitality cannot help in the development of these activities (in total 56 responses), but almost half of the total number of respondents consider that there should be new laws.
- The majority of the respondents answered that if the laws on tourism should be corrected, this should be done in the part of the penal provisions (in total 74 responses) and in the area of tax burdens and reliefs (68 responses in total).
- More than one meeting in one year was held by 57 respodents, the answers were mostly answered on this issue, but 54 respodents answered that they had only one meeting per year for issues related to tourism laws.
- The subjects do not consult with experts and lawyers when drafting laws in their area.
- All respondents answered that they are subject to inspection by state authorities.
- Only 109 respondents answered that the inspection authorities very often perform inspection and supervision, i.e. 89 responded that this is a common occurrence.
- Inspection supervisions are usually performed due to respecting, i.e. non-compliance with other laws that are not related to those in the field of tourism.
- Almost 87% of the respondents considered that milder penalties should be imposed for non-compliance with laws in the field of tourism and hospitality.
- More than 95% of the respondents think that the inspections are not transparent; they are subjective and are not fair.
- The majority of the respondents consider that the laws in the field of tourism and hospitality are not respected (60% of the respondents).
- Respecting the laws in tourism is evaluated with an "6" rating, so we think it is a transitional assessment and in a certain way that the laws are almost obeyed.
- Almost 68% of the respondents answered that they respected the relevant laws; none responded that they did not comply with and 74 respondents did not answer.

**Recensentë:**
**Prof. dr. Najram Pollozhani**
**Prof. dr. Afrim Osmani**

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Закон за угостителска и туристичка дејност на Република Косово, бр.2004/16 ("Службен весник на привремените самоуправни институции на Косово", УНМИК/РЕГ/2005/6, февруари 2005 година),
2. Закон за туризам и туристички услуги на Република Косово, бр.03-Л/168 ("Службен весник на Република Косово", Приштина, Година V, бр.66 од 17 Март 2010 година),
3. Закон за туризам на Република Косово, бр.04-Л/168 (Службен весник на Република Косово, бр.14/2013, Приштина, 2013 година),
4. Закон за такса за сместување во хотелски и туристички објекти, бр.03/Л-027 (Службен весник на Република Косово, Приштина, Година IV, бр.47 од 25 Јануари 2009 година).